РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 05-6646/1
22.12. 2016 година
Скопје

Врз основа на член 8 став 5, член 10, член 18 став 1 алинеја 12 и член 20 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 11 став 5, член 15 став 1 алинеја 11, член 16 став 1, член 39 став 1 алинеја 4 и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-6561/4 од 22.12.2016 година, на 40-та седница одржана на 22.12.2016 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (со Програмата на планирани активности и Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2017-та година), во текстот како што е предложена.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## Образложение

Согласно член 8 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година се утврдени задачите и целите кои Агенцијата треба да ги исполни наредната година, согласно со овој закон и истата особено треба да содржи: програма на планирани активности и финансиски план за наредната година, кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за наредната година.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 38-та седница одржана на 15.11.2016 година, согласно Заклучокот бр.02-5548/4 од 15.11.2016 година, ја усвои Нацрт - Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година (со Нацрт - Програмата на планирани активности и Нацрт - Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

Согласно член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на својата веб страница јавно ја објави предложената Програма за работа на

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година (со Програмата на планирани активности и Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), со цел да обезбеди јавна расправа и да овозможи сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови, во рок од 30 (триесет) дена од денот на објавувањето односно најдоцна до 15.12.2016 година. Заклучно со 21.12.2016 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше доставена ниту една забелешка.

Следствено на наведеното, врз основа на член 8 став 5, член 10, член 18 став 1 алинеја 12 и член 20 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 11 став 5, член 15 став 1 алинеја 11, член 16 став 1, член 39 став 1 алинеја 4 и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-6561/4 од 22.12.2016 година, на 40-та седница одржана на 22.12.2016 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:

- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – архива.